РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 08-2847/1
од 25.11. 2020год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

# ОДЛУКА

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 4.2.5, ФОРМИРАН СО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 4, БЛОК 4.2, ОПШТИНА ПРИЛЕП

**член 1**

Се организира јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 4.2.5, ФОРМИРАН СО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 4, БЛОК 4.2, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат;

Планскиот опфат со површина од 6.66ха за овој ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 4.2.5, ФОРМИРАН СО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 4,БЛОК 4.2, ОПШТИНА ПРИЛЕП се наоѓа во западниот прериферен дел од градот Прилеп и го дефинираат следниве граници:

Описот на планскиот опфат почнува од север и се движи кон исток во насока на стрелките на часовникот. Од северната страна граничи со осовината на планираната сервисна улица С4, на источната страна опфатот ја следи границата на блокот 4.2.5. т.е. источната граница на КП 6042, КО Варош и осовината на планираната сервисна улица С1. На југ границата на планскиот опфат ја следи осовината на планираната собирна улица С8 дефинирана на постојната улица „Леце Котески" – пат Крушево – Прилеп, а на запад планскиот опфат во јужниот дел е дефиниран по осовината на планираната Магистрална улица М1– Обиколница Запад, а во северниот дел западната граница се движи по границата на планскиот опфат на градот по ГУП за град Прилеп.

Во рамките на планскиот опфат најзастапена е група на класа на намена Г2 – лесна индустрија, Е1 комунална инфраструктура, во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл. и Д2 заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони

**член2**

Јавна анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 4.2.5, ФОРМИРАН СО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 4,БЛОК 4.2, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 02.12.2020г. до 16.12.2020г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 10.12.2020 година, четврток, во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**член 3**

За организирањето на **јавната презентација и јавната анкета** по Предлог Деталниот урбанистички план ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**

Република Северна Македонија Општина Прилеп